# Швајцарска програма за соработка со Северна Македонија 2021 - 2024 г.



## Три приоритетни тематски области

### ДЕМОКРАТСКО УПРАВУВАЊЕ

- Силно граѓанско општество
- Транспарентно, ефикасно и инклузивно управување
- Слободни и фер демократски избори

### ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- Развој на деловниот екосистем
- Развој на вештини и достоинствени работни места
- Стабилна макроекономска состојба

### ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВИ УСЛУГИ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

- Одржливо користење и заштита на природните ресурси
- Квалитетни услуги на јавните претпријатија
- Заедници отпорни на поплави


Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**State Secretariat for Economic Affairs SECO**


**Скенирај го кодот за да го прочиташ целосниот документ**

# Швајцарската соработка со Северна Македонија

Швајцарија ја поддржува политичката, општествената и економската транзиција на Северна Македонија уште од 1992 година. Новата Програма за соработка 2021 – 2024 г. е потврда за идната посветеност на Швајцарија да продолжи со поддршката. Програмата ги следи реформските процеси на Северна Македонија што се насочени кон Евро-атлантска интеграција и кон постигнување на Целите за одржлив развој. Приоритетни тематски области во соработката се следниве:

- **Демократско управување**
- **Одржлив економски развој**
- **Животна средина и одржливи услуги на јавните претпријатија**

Швајцарската програма за соработка, исто така, ќе се фокусира на родова еднаквост, социјална инклузија и дигитализација. Новата програма беше изготвена во тесна соработка со партнерите во Северна Македонија.

Програмата се имплементира преку заеднички проекти кофинансирани со Владата, мултидонаторски програми и директни договори со македонски, швајцарски и меѓународни консултантски и граѓански организации, како и во директна соработка со приватниот сектор. Особено внимание во идните проекти ќе се посвети на соработката со приватниот сектор.

Сите активности придонесуваат за една цел: подобрување на животниот стандард на граѓаните на Северна Македонија.

# Приоритетни тематски области

***Демократско управување***

Во областа на демократското управување, Швајцарската програма за соработка се фокусира на зголемување на демократските капацитети на извршните и законодавните институции, како и на зајакнување на граѓанското општество во Северна Македонија. Следствено, Швајцарија го поддржува зголемувањето на отчетноста, транспарентноста и инклузивноста на институциите на централната и на локалната власт. Швајцарија се труди да овозможи поактивно учество на граѓаните во процесите на одлучување на локално и на регионално ниво.

***Одржлив економски развој***

Северна Македонија има голем потенцијал за развој на претприемништвото и се стреми кон градење поволен деловен екосистем. Истовремено, зајакнувањето на вклученоста на приватниот сектор во стручното образование и обука останува еден од клучните приоритети. Швајцарската поддршка ќе биде насочена кон областите што директно ќе придонесат за креирање повеќе формални и пристојни достоинствени работни места.

***Животна средина и одржливи услуги на јавните претпријатија***

Поддршката за управувањето и зачувувањето на природните ресурси во Северна Македонија е од огромно значење. Швајцарската програма за соработка обезбедува поддршка за подобрување на капацитетите на релевантните национални и локални власти и чинители за управување на природните ресурси на одржлив начин и преку позитивни примери да се зачува природниот капитал за идните генерации.

# Водечки принципи

Швајцарската програма за соработка 2021 – 2024 г. ја промовира **социјалната инклузија** на ранливи групи, како и инклузијата на различните етнички заедници. Соработката се заснова на човековите права, инклузијата, како и на универзалните принципи на „не оставај никого зад себе“.

Програмата, исто така, го поддржува процесот на **дигитализација** во државата преку промовирање дигитални иновации со потенцијал за: 1) значително зајакнување на транспарентноста на институциите и пристап до услуги; 2) развој на паметни политики и одржливи услуги; и 3) зголемена продуктивност и економски раст.

Исто така, Програмата се фокусира на спречување на ризиците што произлегуваат од **климатски промени**, нарушување на животната средина и природни катастрофи. Сите проекти во себе содржат мерки што се стремат кон намалување на овие ризици со цел да се зајакне отпорноста на заедниците од овие ризици.

Швајцарија ќе продолжи да споделува искуства за **демократско управување** преку принципите на граѓанско учество, отчетност и транспарентност во целата Програма. Во сите поддржани проекти системски ќе се интегрира и принципот за **родова еднаквост**. Тоа подразбира мерки што ќе се фокусираат на зајакнувањето на улогата на жените во демократското управување, политиката и во економијата.

***Буџет за периодот 2021 – 2024 г.***

Буџетот на Швајцарската програма за соработка е 65 милиони швајцарски франци што се насочени во тематските приоритети:



## Значаен напредок постигнат досега:

Активно **учество на граѓаните во донесувањето одлуки**, како и во креирањето политики базирани врз вистински потреби благодарејќи на зголемените капацитети на граѓаните и на општинските институции.

Зајакната **независност, отчетност и ефективност на Парламентот** како резултат на формирањето и зголемените капацитети на Парламентарниот институт.

Локалните компании воспоставија врски со нови пазари и остварија дополнителна продажба од 1 милијарда македонски денари благодарејќи на поддршката за **развој на деловниот екосистем.**



Зајакната **независност, отчетност и ефективност на Парламентот** како резултат на формирањето и зголемените капацитети на Парламентарниот институт.

Илјадници **млади лица се вработија** благодарејќи на новостекнатите соодветни вештини.

**Површината на заштитените подрачја во Северна Македонија се зголеми** за 20 %, така што, во моментов, територијата на државата што е под заштита изнесува 11 % од целокупната територија.

230 000 **жители добија услуга за пречистување на отпадните води**, а 120 000 жители добија **подобрени услуги за водоснабдување** благодарејќи на швајцарските инвестиции.

**ПРАШАЊА?**
skopje@eda.admin.ch
www.eda.admin.ch/north-macedonia